# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

15 јули 2022 | Излегува по потреба | Година XVII | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/1**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4164/1 од 07.07.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложено од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-278/9 од 06.07.2022 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/3**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/2**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 294/21 и 150/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4091/1 од 01.07.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложено од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-276/9 од 15.06.2022 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/4**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/3**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19 и 89/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година, бр.02-104/3 од 07.07.2022 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година, бр.02-104/3 од 07.07.2022 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4180/5**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА
ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/4**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-104/4 од 07.07.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.02-104/4 од 07.07.2022 година, донесена од управниот одбор на на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/6**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/5**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 33 став 1 од Законот за финансирање на единицата на локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11и 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) Советот на Општина Гази Баба на 13 та седница одржана на 14.07.2022 година донесе :

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | -160.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | -60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | -380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување на Службен Гласник на Општина Гази Баба и станува составен дел на Буџетот за 2022 година

Бр. 09-4180/7
14.07.2022

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021 - 2026)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2021-2026), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/6**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ "бр.32/20), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ. "бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2021 - 2026)**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012 - 2022 ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12), Урбанистички план за градска четврт СИ 03, Скопје (2016-2022), Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20 и 219/21) и други законски и подзаконски акти.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје, е со површина од **3,46 ха** и се наоѓа во североисточниот дел на Град Скопје.

Границата на плански опфат на деталниот урбанистички план се совпаѓа со граница на Блок 02 од четврт СИ 03 и претставува затворена линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати по x и y:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Y=7539792.6135 | X=4650556.8620 |
| 2 | Y=7539797.8000 | X=4650551.9300 |
| 3 | Y=7539831.6350 | X=4650513.5600 |
| 4 | Y=7539853.3800 | X=4650480.8300 |
| 5 | Y=7539868.7000 | X=4650445.9300 |
| 6 | Y=7539877.6900 | X=4650412.9300 |
| 7 | Y=7539879.2771 | X=4650400.2000 |
| 8 | Y=7540067.2154 | X=4650415.3130 |
| 9 | Y=7540055.9405 | X=4650565.7876 |
| 10 | Y=7540055.5779 | X=4650570.6260 |
| 11 | Y=7540055.0089 | X=4650576.8907 |
| 12 | Y=7539916.4857 | X=4650563.8161 |
| 13 | Y=7539820.0599 | X=4650559.0951 |

Границата на плански опфат е :
- на север се совпаѓа со оска на магистрален железнички колосек,
- на исток со оска на новопланирана сервисна улица "С1",
- на југ со оска насобирна улица "Перо Наков" и
- на запад со оска на градска магистрална улица - булевар "Киро Глигоров" (булевар "Војводина").

Со Нацрт ДУП за градска четврт СИ 03, Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје, а согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20 и 219/21) класификацијата на намените, поединечните намени на новоформираните градежни парцели ги добиваат следните ознаки:

- **В** - јавни дејности и институции
    - **В1.2** - средно образование
- **Г3** - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
- **Д1** - парковско и пејсажно зеленило;
- **Д2** - заштитно и сообраќајно зеленило; и
- **Е1** - сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

**Член 3**

Нацрт - Деталниот урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 02 Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр.0801-06-05/21 од 04/2022 год, изготвен од Друштво за производство, трговија и услуги "Иванов инженеринг" ДООЕЛ Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**
- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Тековна состојба на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.Текстуален дел**
1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори.
2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој.
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина.
4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат.
5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат.
6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој.

7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати.
8. Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот.
9. Податоци релевантни за подрачјето на планскиот опфат и неговото пошироко опкружување.

**Б.Нумерички дел:**

**В.Графички дел:**
Извод од ГУП
Извод од УПЧ
Изводи од урбанистички планови кои граничат со планскиот опфат

2. Плански решенија од урбанистички планови, и плански документации и урбанистички проекти, релевантни за планскиот опфат 1:1000.
3. Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на плански опфат 1:1000.
4. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура 1:1000.
5. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура 1:1000.
6. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат 1:1000.

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. Текстуален дел:**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период.
2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога.
3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот.
4. Цели на урбанистичкиот план.
5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби.
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура.
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.
8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите.
9. Мерки

- мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина;
- мерки за заштита и спасување од природни непогоди;
- мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад;

- мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот;
- мерки за заштита од разурнувања, природни непогоди и технолошки хаварии;
- мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за озеленување на населбите и животната средина и други плански одредби; и
- мерки за остварување на целите на генералниот урбанистички план.

**Б. Нумерички дел:**

1. Нумерички показатели.
2. Билансни показатели.

**В. Графички дел:**

| | |
|---|---|
| 1. План на намена на земјиштето и градбите | 1:1000 |
| 2. Регулационен план | 1:1000 |
| 3. План на парцелација | 1:1000 |
| 4. План на површини за градење | 1:1000 |
| 5. Сообраќаен план, Нивелациски план | 1:1000 |
| 6. Инфраструктурен план | 1:1000 |
| 7. План на зеленило | 1:1000 |
| 8.1, 8.2 Синтезен план | 1:1000 |

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/8**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК СИ 03.06, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/7**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК СИ 03.06, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **2,27 ха** кој е во рамките на следните граници:

**На Север:** се движи движи по осовината на собирната улица "Благоја Стефковски";

**На Исток:** се движи по осовината на новопланираната сервисна улица "1650" (С6), како што е планирана со УПЧ СИ 03 Скопје 2014 - 2022;

**На Југ:** се движи по осовината на новопланираната сервисна улица "1658" (С4), како што е планирана со УПЧ СИ 03 Скопје 2014 - 2022;

**На Запад:** се движи по осовината на новопланираната сервисна улица "Благоја Стефковски" (С5), како што е планирана со УПЧ СИ 03 Скопје 2014 - 2022.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки и лаците, како што следи:

| Геометриск и елемент | Реден број | Y | X | |
|---|---|---|---|---|
| Правци | 1 | 7540901,4476 | 4650750,8916 | **Најсеверна** |
| | 2 | 7541011,5175 | 4650698,6955 | **Најисточна** |
| | 3 | 7540992,7611 | 4650527,7532 | **Најјужна** |
| | 4 | 7540952,0702 | 4650555,6432 | |
| Лак **01** | Испапчување : | 0,0325 | | |
| | Центар: | 7540739,4432 | 4650241,7986 | |
| | Радиус: | 379,0892 | | |
| | Почетен агол: | 55° 52' 58" | | |
| | Краен агол: | 63° 19' 37" | | |
| Правци | 5 | 7540909,6165 | 4650580,5458 | |
| | 6 | 7540835,8690 | 4650617,0956 | **Најзападна** |
| | 7 | 7540865,6975 | 4650675,9568 | |
| Лак **02** | Испапчување : | 0,0043 | | |
| | Центар: | 7540195,2484 | 4651012,0825 | |
| | Радиус: | 749,9883 | | |
| | Почетен агол: | 333° 22' 24" | | |
| | Краен агол: | 334° 21' 48" | | |
| Правец | 8 | 7540871,4049 | 4650687,5907 | |

Најсеверна е точката број 1, со координати Y=7540901,4476 и X=4650750,8916.
Најисточна е точката број 2, со координати Y=7541011,5175 и X=4650698,6955.
Најјужна е точката број 3, со координати Y=7540992,7611 и X=4650527,7532.
Најзападна е точката број 6, со координати Y=7540835,8690 и X=4650617,0956.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **2.27ha**, односно **22712.18m²**. Периметарот на планскиот опфат се движи по осовините на околните планирани улици со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и УПЧ СИ 03 Скопје 2014-2022 и истиот изнесува 623,69m'.

Површината на блокот СИ 03.06 до регулациската линија на ниво на блок како што е дефинирана со УПЧ СИ 03 Скопје 2014-2022, изнесува 1,90ha.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.0801/303/18 од Мај 2022 година, изработен од Друштво за трговија и услуги "БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје, содржи:

**Содржина:**

1. 1. ОПШТ ДЕЛ

1. Регистрација на проектантското претпријатие

2. Лиценци и овластување на носителот на проектна документација

2. 2. ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
2. Податоци, информации и мислења од релевантни институции
3. Планска програма

## 4. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА


1. ОПШТ ДЕЛ....................11
2. ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА....................11
3.1.Текстуален дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА....................15
3.1.1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина....................16
3.1.2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат....................17
3.1.3. Природни чинители на опфатот....................17
3.1.3.1.Микроклима.................... 18
3.1.3.2. Релјефни карактеристики.................... 18
3.1.3.3. Хидрографија.................... 18
3.1.3.4. Сеизмика на просторот.................... 18
3.1.3.5. Вегетациски карактеристики и пејзаж.................... 19
3.1.4. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат....................19
3.1.5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура....................20
3.1.6. Билансни показатели....................23
3.1.7. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно – историско значење и културни предели....................23
3.1.8. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура....................23
3.1.8.1. Сообраќај.................... 23
Паркирање.................... 23
3.1.8.2. Комунална инфраструктура .................... 23
Водовод .................... 24
Евакуација на отпадните води.................... 24
Фекална канализација .................... 24
Атмосферска канализација .................... 24
Електро-енергетска инфраструктура.................... 24
Трансформаторска станица .................... 24
Телекомуникациска инфраструктура.................... 24
Улично осветление .................... 24
Топлификациска инфраструктура .................... 25
3.1.9.Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план....................25
3.1.10. Анализа и можности за просторен развој....................25
3.1.11. Извод од план од повисоко ниво....................26
3.1.12. Нумерички показатели....................28


Графички прилози - Документациона основа:


1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 - 2022 ....................М = 1:10000

2. Извод од УПЧ СИ 03 Скопје 2014 - 2022 (за Блок СИ 03.06) ........................М = 1:5000
3. Извод од постоен ДУП локалитет Маџари, Опфат - 1, Општина Гази Баба, Плански период 2008-2013 ........................М = 1:1000
4. Извод од ДУП за Градска Четврт СИ 03, Блок 03.05 Општина Гази Баба, Плански период 2008 – 2013 ........................М = 1:1000
5. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од важечки урбанистички планови за планскиот опфат и кои граничат со планскиот опфат. ..................М = 1:1000
6. Ситуација со пошироко опкружување........................М = 1:25000
7. Сателитска снимка ........................М = 1:1000
8. Ажурирана геодетска подлога ........................М = 1:1000
9. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат ...............М = 1:1000
10. Инвентаризација и снимка на изградената комунална инфраструктура ......М = 1:1000

4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА........................31
Цели………………………… 31
Методологија………………………… 31
4.1.2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат ........................32
4.1.3 . Определби од ГУП и УПЧ применети во овој детален урбанистички план........................34
4.1.4. Планска програма ........................36
4.1.5. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој ........................36
Демографски податоци 39
4.1.6. Сообраќајна и комунална инфраструктура ........................42
4.1.6.1. Сообраќаен план………………………… 42
Нивелациски план………………………… 45
4.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура ………………………… 45
Водоснабдување………………………… 46
Потребно количество на вода………………………… 46
Фекална канализација………………………… 47
Количини на отпадни и фекални води………………………… 47
Атмосферска канализација………………………… 47
Количини на атмосферски води………………………… 48
4.1.6.3. Електро-енергетика и телекомуникациски инсталации………………………… 48
Улично осветлување ………………………… 49
Телекомуникациска мрежа………………………… 50
4.1.6.4. Гасоводна инфраструктура………………………… 50
4.1.6.5. Топловодна мрежа………………………… 50
4.1.7. Економско образложение ........................51
4.1.8. Општи услови за изградба ........................52
4.1.9. Посебни услови за изградба ........................57
4.1.10. Нумерички показатели………………………74
4.1.11. Билансни показатели ........................75
Споредбени билансни показатели………………………… 75
Споредбени посебни одредби - нумерички показатели на УПЧ СИ 03 Скопје 2014 - 2022 и ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба, Скопје………… 76
Дозволени класи на намени и групи на класи на намени………………………… 76
4.1.8. Мерки за заштита ........................79
4.1.8.1 Мерки за заштита на животната средина………………………… 79
А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот………………………… 80
Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата………………………… 80
В) Мерки за заштита од бучава………………………… 81
4.1.8.2. Мерки за заштита и спасување………………………… 81
4.1.8.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи………… 82
4.1.8.2.2 Заштита и спасување од урнатини………………………… 83
4.1.8.2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита………………………… 83

4.1.8.2.4. Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди……………………………………………………………………………………..
844.1.8.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства…… 84
4.1.8.2.6. Засолнување………………………………………………………………….. 84
4.1.8.2.7. Спасување од сообраќајни несреќи……………………………………… 85
4.1.8.2.8. Прва медицинска помош………………………………………………… 85
4.1.8.2.9. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето……………………. 86
4.1.9.Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност.............................................86
4.1.10.Мерки за заштита на културното наследство .............................................................86

Графички прилози - Планска документација

1. План на намена на земјиштето и градбите ............................................М = 1:1000
2. Регулационен план ......................................................................... М = 1:1000
3. План на површини за градење .........................................................М = 1:1000
4. Сообраќаен и нивелациски план .....................................................М = 1:1000
5. Сообраќајна и функционална класификација на уличната мрежа М = 1:1000
6. Инфраструктурен план - Хидротехничка инфраструктура .....................М = 1:1000
7. Инфраструктурен план - Електротехничка инфраструктура ..................М = 1:1000
8. Синтезен план ..............................................................................М = 1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/9**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ
- ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4311/8
од 15 јули 2022 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (11) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот Годишен план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2022 година, бр.04-4201/1 од 08.07.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2022 година, бр.04-4201/1 од 08.07.2022 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2022 година и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/10**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ИНТЕГРИТЕТ АЛФА И ОМЕГА" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/9**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со потпишаниот Меморандум за соработка, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ИНТЕГРИТЕТ АЛФА И ОМЕГА" - СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба - примател на донацијата од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје - давател на донацијата, во насока на остварување на заедничка цел и интерес, прима донација која се состои од:

- Детско игралиште (детски комплекс) со елементи, изградено на КП 728/1 КО Маџари, во населба Триангла, Општина Гази Баба.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 3**

Примерок од одлуката да се достави до давателот на донацијата, секторот за правни и општи работи и секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/11**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА "ИЛИНДЕНСКИ МАРШ 2022"**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4311/10**
**од 15 јули 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на Здружение на граѓани "Илинденски марш 1978 година" - Скопје, бр.09-4246/1 од 12.07.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Тринаесеттата седница одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА "ИЛИНДЕНСКИ МАРШ 2022"**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, за организација на 44-от традиционален коњанички "Илинденски марш 2022", врз основа на барање од Здружение на граѓани "Илинденски марш 1978 година" - Скопје, бр.09-4246/1 од 12.07.2022 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, од Програма - ЕО - општинска администрација, ставка 463 - трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на жиро сметка на Здружение на граѓани "Илинденски марш 1978 година" - Скопје: 300000001401589, даночен број: 4030000407497, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4180/12**
**од 14 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година ...............2

**ОДЛУКА** за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година ........4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за второто тримесечје од 2022 година ......6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје ......8

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година ........10

**ОДЛУКА** за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2021-2026) ......12

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.06, Општина Гази Баба - Скопје ......17

**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог-Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2022 година ......24

**ОДЛУКА** за примање донација од Здружение на граѓани "Интегритет Алфа и Омега" - Скопје ............26

**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства за организација на "Илинденски марш 2022" ...........28

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.07/22**
**13 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk